# ВОДИЧ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УПИС НА ФТУ

1. Доколку сте заинтересирани да станете наш студент треба да се регистрирате на http://www.upisi.uklo.edu.mk и да ја пополнете комплетната пријава. Потоа на денот на уписите се доставуваат документите заедно со бројот од електронската апликација.

   Кликнете на копчето **Регистрирај се:**




   Пополнете ја формата за регистрација и по пополнувањето на податоците кликнете на копчето **Регистрирај се**:




2. Доколку регистрацијата е успешна, треба да добиете порака на претходно внесениот емаил и да го активирате корисничкото име со кликање на приложениот

линк:

Вашите податоци за најава се:
Корисничко име:
Кликнете овде ЗА ДА ГО АКТИВИРАТЕ КОРИСНИЧКОТО ИМЕ, или копирајте го линков во пребарувач :
http://upisi.uklo.edu.mk/Account/Recovery.aspx?newuser=1&user=740f47a5-7135-4132-807e-d567bd6db0e9

3. Доколку регистрацијата е успешна, по најавување со вашиот емаил и лозинка, ќе пристигнете на следниов екран каде треба да изберете една од опциите во **Пријави** менито:




4. По кликање на некоја од двете опции: Пријава за прв циклус (додипломски) или Пријава за втор циклус (постдипломски) следуваат повеќе форми каде треба да ги пополните вашите податоци:
   - **Лични податоци:** Во формата која излегува на екранот најпрво изберете го Факултет за Туризам и Угостителство, па пополнете ги соодветните лични податоци, адреса, контакт информации и информации за родител/старател.
   - **Факултет и насоки:** На следниот екран треба да ги изберете насоките по приоритет и да означете дали се согласувате да бидете примени и во приватна квота (со кофинансирање). Изберете кои се Вашите приоритетни насоки со кликање на нив и кликање на стрелката за да се префрлат во десното поле.
   - **Претходно образование:** Автоматски во десниот дел од страницата ќе се појави прозорец за внесување на предмети и оцени кои сте ги оствариле при полагање на претходните тестирања во кој треба да ги внесете точните податоци во наведените полиња. На следната табела се дадени предметите кои се соодветни за прием на факултетот:

| Екстерни предмети | Интерни предмети |
|---|---|
| 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>**3. *за гимназии:***<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>***за стручни училишта:***<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>__________________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1. Географија<br>2. Социологија<br>3. Историја<br>4. Хемија<br>5. Информатика<br>6. Филозофија<br><br>*(за средно стручно)*<br>а) Општообразовни предмети<br>1. Историја<br>2. Право<br>3. Деловно работење<br>4. Сметководство<br>5. Агенциско работење<br>6. Хотелско работење |

- **Оценки од претходно образование:** Тука внесете ги сите оценки кои сте ги добиле во годините по ред. Погледнете го примерот. Во секое од полињата за успех по години се внесуваат оценките од секој предмет, една по друга, во редослед како во сведителството, без да се разделат со празно место или запирка. Дозволено е внесување само на цифрите 2, 3, 4 и 5; на пример: 455545554355. Потребно е да се внесат и оценките од екстерното тестирање.

5. По пополнувањето на сите податоци, се прикажува **интерниот пријавен лист**. Ова е чекорот каде треба да ги проверете Вашите податоци и нивната валидност, па затоа внимателно прегледајте се што имате пополнето.
6. **Поднесување:** Внимателно прочитајте се. Со клик на копчето **Прати** Вашата пријава ќе биде испратена на прегледување од комисијата.

Доколку имате проблеми напишете контакт телефон и поставувајте прашања на: ftu@uklo.edu.mk.